ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0901/1
9.04 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25 и 76 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 31/98) Собранието на Друштвото на писателите на Македонија, на седницата одржана на 9 април 2009 година го донесе следниот

# СТАТУТ

# на

# Друштвото на писателите на Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### *Член 1*

Друштвото на писателите на Македонија (во натамошниот текст-Друштвото) е здружение на граѓани во кое што на доброволна основа се здружуваат и членуваат писателите заради остварување и заштита на своите професионални, авторски и други заеднички индивидуални права и интереси и заради унапредување и афирмирање на македонската литература.

Друштвото е основано на 13 февруари 1947 година.

### *Член 2*

Друштвото на писатели на Македонија е доброволно, непрофитно здружение на граѓани-писатели и е политичко-партиски и религиозно независно.

### *Член 3*

Друштвото има својство на правно лице.

Во правниот промет Друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За своите обврски Друштвото одговара со својот имот и со средствата со кои располага.

***Член 4***

Друштвото е самостојно во остварувањето на целите и задачите утврдени со Статутот, а своите права, должности и одговорности ги врши во согласност со Уставот на Република Македонија, законите и овој статут.

***Член 5***

Работата на Друштвото е јавна.

## II. ИМЕ, СЕДИШТЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ

***Член 6***

Името на здружението е: **ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА.**

Скратениот назив на Друштвото е: **ДПМ** - Скопје.

Седиштето на Друштвото е во Скопје, ул. "Максим Горки" бр. 18.

***Член 7***

Друштвото има печат и штембил.

Печатот на Друштвото е во тркалезна форма на која кружно е испишано името на Друштвото.

Штембилот има облик на правоаголник на кој покрај името на Друштвото содржи место за: број, датум, година - Скопје.

***Член 8***

Друштвото го застапуваат претседателот на Друштвото и претседателот на Собранието (Собранискиот одбор), а во нивно отсуство еден од двајцата секретари, или лице овластено од претседателот.

## III. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И ОБЛИЦИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

***Член 9***

Основни цели и задачи на Друштвото се да:

- придонесува за афирмацијата на литературното творештво, неговиот развој и збогатување и развој на културата;
- учествува во креирањето и реализацијата на културната политика во Република Македонија;
- се залага за човековите права, за слободата на мислењето и изразувањето;
- се грижи за продолжување и негување на литературните традиции;
- се ангажира за остварувањето на Уставниот статус на македонскиот литаратурен јазик и писмо како и на Уставниот статус на јазиците и писмата на националностите во Република Македонија;
- се залага за остварувањето на општествената положба на книгата како основно културно добро;
- се залага за остварувањето на општествениот статус на писателскиот труд и на писателските авторски права;
- се залага за остварување на социјалните и професионалните права на писателот;
- развива активност за заштита и остварување на културните и човечките права на делови од македонскиот народ кои живеат во соседните и други држави;
- воспоставува и развива соработка со институциите, организациите и манифестациите од областа на литературата и културата како и со институциите од областа на образованието и воспитувањето;
- воспоставува и развива соработка со писателските асоцијации во замјата и во странство.

***Член 10***

Друштвото ги реализира целите и задачите утврдени со овој статут со донесување план и програма за остварување на своите активности, со анимирање на јавноста кон остварување на основните цели, како и преку лични активности на членовите.

***Член 11***

За остварување на целите и задачите утврдени со статутот, планот и програмата за своите активности, Друштвото:

- организира советувања, семинари, трибини, литературни манифестации, беседи, стручни состаноци и собири и други литературни активности;

-- покренува иницијативи и презема и поттикнува разни активности за афирмација и развој на литературното творештво;
--издава свои изданија;
- доделува награди и признанија;
--покренува иницијативи пред надлежните државни и други органи и организации за подобрување на материјалната положба на литературните творци;
-- дава мислења, предлози и сугестии по закони и други прописи кои се однесуваат на културата, литературното творештво и статусот и работата на писателите и се залага за остварување на нивните заеднички интереси;
-- презема разни активности за информирање на своето членство, за настани и прашања од интерес на членовите;
--презема активности за остварување на соработка со сродни асоцијации и културни институции и организации во земјата и странство со кои има заеднички цели и интереси и за зачленување на Друштвото во меѓународни асоцијации;
--презема активности за обезбедување на материјални средства за создавање услови и развој на Друштвото.

## IV. ЧЛЕНСТВО, ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО И ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

### *Член 12*

Член на Друштвото на писателите на Македонија може да биде секој граѓанин, односно државјанин на Република Македонија, кој е писател, (поет, прозаист, драмски автор, критичар, есеист и слично), кој живее на територијата на Македонија или надвор од неа, кој пишува на македонски јазик или на еден од јазиците на националностите, а кој со објавувањето на своите дела придонесува во литературното творештво и во културата на Македонија и воедно ги прифаќа целите на Друштвото, општокорисните активности, односно, оние кои ќе можат основните принципи на Друштвото активно да ги прифатат и реализираат.

### *Член 13*

Член на Друштвото може да биде и писател странски државјанин кој пишува на македонски јазик, живее на територијата на Република Македонија или друга држава.

### *Член 14*

Приемот на членство во Друштвото е поединечно и доброволно, а се одвива на начин, постапка и критериуми утврдени со Правилникот за прием на нови членови и престанок на членување, што го донесува Собранието.

Зачленувањето во Друштвото се врши со пристапница врз основа на која секој член на Друштвото се здобива со членска книшка.

При престанувањето на членството книшката се враќа назад.

Стручната служба на Друштвото води евиденција на сите членови во регистар на членство и еднаш годишно, пред годишното собрание, ја ажурира евиденцијата.

***Член 15***

Престанокот на членството во Друштвото настапува поради:

- непочитување на одредбите од Статутот и другите акти на Друштвото;
- неплаќање на членарина;
- самоволно истапување.

Постапката за престанок на членството поблиску се уредува со посебен правилник што го донесува Собранието на Друштвото.

***Член 16***

Покрај редовните членови, Друштвото избира и почесни членови. Како почесни членови можат да се избираат писатели и јавни и културни работници од земјата и странство, кои со својата активност значително ја унапредуваат положбата на книгата и придонесуваат за афирмацијата на литературното творештво на македонскиот народ и на националностите во Република Македонија и во странство.

***Член17***

Членовите на Друштвото ги имаат следните права и должности:

- активно да учествуваат во работата и одлучувањето
- да бираат и да бидат избрани во органите и телата на Друштвото
- да даваат предлози и забелешки во работата на органите
- покренуваат прашања за одговорност и отповикување на членовите на органите на Друштвото
- да се придржуваат на Статутот
- да плаќаат членарина

***Член 18***

Во рамките на Друштвото, членовите можат да се организираат и да дејствуваат и врз база на афинитетите и жанровската припадност, со цел да унапредат одредена област.

## V. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

*Член 19*

Органи на Друштвото се:

1. Собрание на Друштвото;
2. Собраниски одбор;
3. Претседателство;
4. Совет на Друштвото и
5. Комисија за метеријално-финансиска контрола.

Друштвото има и претседател на Друштвото кој го избира Собранието за време од четири години.

Претседателот на Друштвото по функција е член на Претседателството, а воедно и претседава со Претседателството.

## СОБРАНИЕ

*Член 20*

Собранието е највисоко тело на Друштвото што го сочинуваат сите негови членови.

Седниците на Србранието ги свикува и со нив претседава претседателот на Собранието (на Собранискиот одбор), кој го избира Собранието за време од четири години.

Претседателството на ДПМ со јавно соопштение го известува членството за одржување Изборно собрание 45 дена пред утврдениот датум.

*Член 21*

Собранието (Собранискиот одбор) ги врши следните работи:

- ја утврдува општата политика на работењето;
- го донесува Статутот, програмата за дејствување и другите општи акти како и нивните измени и дополнувања;
- донесува програма за работа, финансиски план и завршна сметка;
- одлучува за промената на целта на здружението;
- одлучува за основање и укинување на клубови и други облици на организирање на Друштвото;
- одлучува за спојување или раздружување со друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни асоцијации;
- констатира прием на нови членови;

- врши избор и разрешување на претседател на Друштвото;
- врши избор и разрешување на претседател на Собранието;
- врши избор и разрешување на членовите на Собраниският одбор;
- врши избор и разрешување на членовите на Претседателството и Комисијата за материјално-финансиска контрола;
- усвојува извештаи на органите и телата на Друштвото;
- разгледува и утврдува ставови по прашања поврзани со работата на Друштвото;
- одлучува за облиците на организирање и работење на Друштвото;
- донесува Деловник за работа на Собранието;
- донесува Одлука за престанок на работа на Друштвото со двотретинско мнозинство;
- врши и други работи од делокругот на работата на Друштвото доколку со овој статут или со неговата одлука не се ставени во надлежност на Претседателството или на друг орган.

### *Член 22*

Собранието работи на седници.

Седница на Собрание се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седницата на Собранието се свикува, по барање на Претседателството или на 1/3 од членовите на Друштвото.

Седница на Собранието за работата на Претседателството може да се свика и на предлог на Комисијата за материјално-финансиска контрола.

Членовите на Друштвото треба да бидат известени за свикувањето на седницата и за прашањата за кои ќе се расправа на Собранието најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на седницата.

### *Член 23*

Собранието полноважно работи ако се присутни повеќе од половина од членовите на Друштвото. Ако овој број на членови не е присутен на Собранието, седницата на Собранието се одлага за половина час, а потоа Собранието работи со бројот на присутните кој не може да биде помал од 30% од членовите на Друштвото.

Собранието Одлуките ги донесува со мнозинство гласови (повеќе од половина) од присутните.

Гласањето се врши јавно.

Собранието може да одлучи за одделни прашања да се одлучува со тајно гласање.

Секој член на Друштвото има право на еден глас.

Начинот на работа на Собранието поблиску се уредува со Деловникот на Собранието.

**СОБРАНИСКИ ОДБОР**

*Член 23-а*

Собранискиот одбор се состои од членови кои со тајно гласање ги избира Собранието на Друштвото од редот на членовите да ДПМ по принципот сите општини во Република Македонија, во кои живеат и работат членови на ДПМ и од градот Скопје, да бидат застапени со по еден член. Бројот на Собранискиот одбор е променлив и зависи од бројот на општините во Република Македонија, во кои живеат и работат членови на ДПМ и од градот Скопје, во моментот кога се одржува Изборното собрание.

Листата на кандидати за членови на Собранискиот одбор ја утврдува Собранието со јавно гласање.

Претседател на Собранискиот одбор по функција е претседателот на Собранието на ДПМ. Неговиот избор е надвор од принципот за подеднаква застапеност на сите општини и на градот Скопје.

Кандидатот за претседател на Собранието на ДПМ својата кандидатура ја најавува со Програма за работа на ДПМ, до 3 (три) страници, која треба да биде поднесена 30 дена пред одржувањето на Изборното собрание, со цел таа да се достави до членството заедно со изборниот материјал.

Кандидатите за членови на Собранискиот одбор се предлагаат на Изборното собрание. На кандидатската листа можат да бидат предложени еден или повеќе писатели кои живеат и работат во една општина. Член на Собранискиот одбор ќе стане оној кандидат кој ќе добие најмногу гласови од присутните членови на Изборното собрание. Во општини каде што живее и работи само еден член на ДПМ, тој се впишува на листата на кандидати и станува член на Собранискиот одбор по автоматизам.

Кандидатите за Собранискиот одбор на Изборното собрание на ДПМ се ставаат на кандидатската листа на која стојат следните кандидатски сегменти: 1. За Претседател на Собранието на ДПМ (на Собранискиот одбор); 2. За Претседател на ДПМ; 3. За Собраниски одбор; 4. За Претседателство; 5. За Комисија за финансиска контрола; 6. Статутарна комисија; 7. Суд на честа.

Претседателот на Собранието (Собранискиот одбор) и членовите на Собранискиот одбор се избираат за време од 4 години со право на повторен избор.

Претседателот на Собранискиот одбор ги свикува и претседава со седниците на Собранискиот одбор. Седниците на Собранискиот одбор се свикуваат по потреба, а најмалку двапати годишно. Седниците на Собранискиот одбор можат да се одржуваат заедно со седниците на Претседателството.

Собранискиот одбор полноважно работи ако на седницата се присутни повеќе од половина од членовите на Собранискиот одбор, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови (повеќе од половина) од бројот на

присутните членови. Работата на Собранискиот одбор се регулира со Деловник за работа што го донесува Одборот на првата седница по изборот.

Во работата на Собранискиот одбор и донесувањето на одлуките рамноправно учествува и претседателот на Друштвото на писателите. Во работата на Претседателството на ДПМ и во донесувањето на одлуките рамноправно учествува и претседателот на Собранискиот одбор. Претседателот на ДПМ и претседателот на Собранискиот одбор сносат одговорност за програмското и финансиското работење на Друштвото на писателите на Македонија.

*Член 23-б*

Собранискиот одбор како претставнички дом на писателите од секоја општина во Република Македонија, во која живеат и работат членови на ДПМ и од градот Скопје, е највисоко тело на Собранието на ДПМ во периодот од завршувањето на едно до свикувањето на друго Изборно собрание. Во овој период Собранискиот одбор ги врши работите на Собранието и од својот делокруг сноси одговорност за работата на ДПМ од завршувањето на едно до свикувањето на друго Изборно собранието на Друштвото.

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО**

*Член 24*

Претседателството се состои од 9 членови во кој влегува и претседателот на Друштвото, а по функција во работата на Претседателството рамноправно учествува претседателот на Собранието (Собранискиот одбор).

Претседателот на Друштвото и членовите на Претседателството ги избира Собранието за време од 4 (четири) години со право на повторен избор.

Членовите на Претседателството од своите редови избираат двајца секретари (еден за активности во земјата и еден за меѓународна соработка).

Со цел да се обезбеди активност што ќе ги има предвид основните начела на задачите и целите на ДПМ, кандидатите за претседател на писателската асоцијација имаат обврска да доставаат програма за работа за четиригодишниот мандат, со што ја официјализираат својата кандидатура.

Програмата, во обем најмногу до три страници, се поднесува еден месец пред одржувањето на Изборното собрание, со цел таа да се достави до членството заедно со изборниот материј ал.

*Член 25*

Листата на кандидати за претседател и за членови на Претседателството ја утврдува Собранието со јавно гласање.

### *Член 26*

Претседателот и членовите на Претседателството ги избира Собранието со тајно гласање.

Гласањето се врши со гласачко ливче кое содржи:

1. име и презиме на кандидатот;
2. бројот на членовите што се избираат.

Кандидатите за претседател, односно за членови на Претседателството во гласачкото ливче се внесуваат по редослед според азбучниот ред на името.

### *Член 27*

Гласањето го спроведува Комисија од 3 члена што ја избира Собранието.

За избран се смета кандидатот кој добил повеќе од половина гласови од тие што гласале.

Ако на листата на кандидати има повеќе кандидати од бројот што се избира за избран се смета кандидатот кој добил поголем број гласови.

### *Член 28*

Претседателството ги извршува следните работи:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- ја спроведува утврдената политика за работа и развој на Друштвото и заклучоците и одлуките донесени од Собранието (Собранискиот одбор);
- ги утврдува предлозите на актите кои ги усвојува Собранието (Собранискиот одбор);
- донесува деловник за работа на Претседателството;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Друштвото;
- одлучува за организацијата и начинот на извршување на стручните, административно-техничките, тековните активности и помошни работи;
- врши контрола на работата на Стручната служба;
- врши прием на нови членови, во согласност со Правилникот за прием;
- поднесува завршна сметка пред Собранието (Собранискиот одбор);
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- донесува одлуки за службени патувања;
- доделува награди, признанија и други видови на благодарност на членови на Друштвото и
- врши други работи утврдени со актите на Друштвото, а во согласност со Закон и овој статут.

*Член 29*

Претседателството работи на седници.

Седница на Претседателство се свикува по потреба, а вообичаено еднаш месечно.

Седница на Претседателството свикува претседателот на ДПМ по своја иницијатива или по барање на Комисијата за материјално-финансиска контрола или пак на 1/3 од членовите на Претседателството.

Во работата на Претседателството рамноправно учествува и претседателот на Срббранието (Собранискиот одбор).

*Член 30*

Претседателството полноважно работи ако на седницата се присутни повеќе од половина од членовите на Претседателството, а Одлуките ги донесува со мнозинство гласови (повеќе од половина) од бројот на присутните членови на ова тело.

## СОВЕТ НА ДПМ

*Член 31*

1. Со цел да се обезбеди континуитет во богатата традиција на ДПМ, на неговиот дигнитет, место и улога во културните сфери, се формира Совет на Друштвото на писателите на Македониј а.
2. Советот на ДПМ го сочинуваат сите претседатели на писателската асоцијација.
3. Советот избира претседател со мандат од една гадина.
4. Седница на Советот на ДПМ се свикува по потреба.
5. Во исклучителни ситуации Советот на ДПМ може да иницира вонредно собрание на Друштвото на писателите на Македонија.
6. Работата на Советот се регулира со Правилник.

## КОМИСИЈА ЗА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

*Член 32*

Комисијата за материјално-финансиска контрола се состои од 5 члена што ги избира Собранието, со мандат од 4 години, по постапка утврдена за избор на членовите на Претседателството.

Членовите на Комисијата за материјално-финансиска контрола од своите редови избираат претседател на Комисијата.

Функцијата на член на Комисијата за материјално-финансиска контрола е неспоива со членство во други органи и работни тела на Друштвото.

*Член 33*

Комисијата за материјално-финансиска контрола врши контрола на наменското користење и располагање со средствата, односно приходите на Друштвото.

Комисијата работи на седници.

Седниците на комисијата се одржуваат по потреба.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

*Член 34*

Претседателот на Друштвото:

- го претставува и застапува Друштвото;
- ги свикува и претседава со седниците на Претседателството;
- презема мерки за извршување на одлуките на Претседателството и на Собранието (Собранискиот одбор);
- ги потпишува актите што ги донесува Претседателството и финансиските документи на Друштвото;
- врши други работи утврдени со овој статут и другите акти на Друштвото во согласност со Законот.

**СУД НА ЧЕСТА**

*Член 35*

Судот на честа се состои од пет членови.

Судот на честа се конституира на својата прва седница, кога се избира претседател на судот.

*Член 36*

Судот на честа работи според Правилникот за работа на Судот на честа во кој се одредува постапката според која работи Судот.

Правилникот за работа на Судот на честа го усвојува Редовното собрание на Друштвото.

*Член 37*

Против одлуките на Судот на честа може да се поднесе жалба до редовното собрание чија одлука е конечна.

**ДРУГИ ТЕЛА**

*Член 38*

Собранието и другите органи на Друштвото во рамките на својот делокруг за работа, за поуспешно извршување на работите, можат да формираат постојани или повремени комисии и други работни тела.

Составот на комисиите, односно работните тела и нивните задачи се определуваат со актот со кој се формираат.

*Член 39*

Претседателот, членовите на Претседателството и на другите органи на Друштвото за својата работа се одговорни пред Собранието (Собранискиот одбор).

Претседателот и другите органи на Друштвото поднесуваат извештај за својата работа на Собранието (Собранискиот одбор).

Претседателот и членовите на другите органи на Друштвото можат да бидат отповикани пред истекот на времето за кое се избрани доколку не ги извршуваат обврските утврдени со овој статут и Законот.

**VII. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

*Член 40*

Друштвото стекнува приход:

- од буџетот на Република Македонија;
- од членарина;
- од приход од имотот со кој располага;
- од приходи остварени со активност на Друштвото и

- од донации, легати, тестаменти како домашни, така и од странски физички и правни лица.

Членовите на Друштвото плаќаат членарина во висина што ја определува Собранието.

Членарината е годишна и се плаќа најдоцна до крајот на годината.

### *Член 41*

За обезбедување на дополнителни средства за финанасирање на одделни активности во рамките на целите и задачите утврдени со Статутот, Друштвото може да организира разни манифестации, приредби, аукции, да издава простор за користење под закуп и сл.

Сите средства што евентуално ќе се остварат во работењето на Друштвото во смисла на претходниот став ќе бидат употребени исклучиво за поддржување и остварување на целите и активностите утврдени со Статутот и плановите за работа на Друштвото.

Одлука за издавање на деловен простор со кој располага Друштвото под закуп донесува Претседателството, а Договорот за закуп се склучува за определено време колку трае мандатот на Претседателството.

### *Член 42*

За остварување на статутарните цели и за обезбедување средства за финансирање на одделни активности, Друштвото може да основа трговски друштва (друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва).

Добивката што се остварува од работата на трговските друштва служи за финансирање на активностите на Друштвото.

Одлука за основање на трговско друштво во смисла на став 1 од овој член донесува Собранието на Друштвото.

### *Член 43*

Друштвото своето материјално-финансиско работење го остварува во согласност со Законот.

## VIII. ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

### *Член 44*

Друштвото престанува да работи под условите утврдени во член 52 од Законот за здруженијата на граѓани и фондации и тоа:

- ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање;

- ако Уставниот суд на Република Македонија донесе Одлука со која се утврдува дека Програмата и Статутот на Друштвото не се во согласност со Уставот;
- ако Друштвото фактички престанало да работи;
- ако Собранието на Друштвото со 2/3 мнозинство донесе Одлука за престанок на Друштвото.

### *Член 45*

Во случај на престанок на Друштвото, по намирување на обврските спрема доверителите и трошоците, имотот - средствата на Друштвото се предаваат на Народната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје или на Македонската академија на науките и уметностите.

До колку предавањето и средствата не може да се изврши на институциите наведени во претходниот став, со имотот на Друштвото располага Министерството за култура, отстапувајќи го имотот на сродно здружение на граѓани.

## IX. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО

### *Член 46*

Друштвото, односно неговите органи и тела обезбедуваат јавност во работата.

Јавност во работата на Друштвото, односно неговите органи и тела се остварува преку:

- гласилата на Друштвото или други изданија;
- запознавање и известување на јавноста за работата на Друштвото, односно на неговите органи, за одделни одлуки, ставови и слично, преку јавните гласила;
- присуство на претставници на јавните гласила и на други заинтересирани лица на седниците на органите на Друштвото.

## X. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

### *Член 47*

Друштвото соработува со други здруженија и организации во Република Македонија и од странство со цел поуспешно да ги остварува своите цели и задачи.

Друштвото може да се поврзува или здружува со други друштва или други облици на поврзување или здружување за заедничко унапредување на својата работа и активности и за остварување на прашања од заеднички интерес.

*Член 48*

Друштвото може да се зачлени во меѓународни здруженија, односно асоцијации, по постапка утврдена со актите на тие асоцијации, а во согласност со Уставот на Република Македонија, законите и овој статут.

Одлука за зачленувањето донесува Собранието на Друштвото.

## *XI. СТРУЧНА СЛУЖБА*

*Член 49*

За извршување на стручните и административните-организаторски, технички и општи работи за потребите на Друштвото поврзани со целите и задачите за кои е основано, односно со работата на неговите органи, Друштвото образува Стручна служба.

*Член 50*

Во делокругот на Стручната служба спаѓаат следниве работи:

- стручните, организациони и административно-технички работи поврзани со работата на Друштвото, односно на неговите органи и тела;
- финансиско-материјални работи;
- грижа за извршување на одлуките, заклучоците и другите акти на Собранието, на Претседателството и другите органи и тела на Друштвото;
- други работи по барање на органите на Друштвото.

*Член 51*

Организацијата на Стручната служба, работните места и бројот на извршителите на одделни работни места, како и други прашања поврзани со работата на Стручната служба поблиску се определува со посебни акти што ги донесува Собранието (Собраниskиот одбор).

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 52**

Измени и дополнувања на овој Статут донесува Собранието, на начин и постапка утврдени за негово донесување.

**Член 53**

Толкување на овој Статут дава Собранието (Собранискиот одбор).

**Член 54**

Овој статут влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува од денот на регистрирањето на Друштвото пред надлежниот суд.

Со влегувањето во сила на овој статут се става вон сила Статутот на Друштвото на писателите на Македонија, донесен на 18 мај 2002 година.

Постојните општи акти на Друштвото ќе се усогласат со овој Статут во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Статутот.

Органите на Друштвото во постојниот состав продолжуваат со работа до истекот на нивниот мандат.

**ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Раде Силјан**

Друштво на писателите на Македонија СКОПЈЕ